Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија за мерката **3.3 Обуки за побарувани занимања**, финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, на ден **06.03.2019** година, се објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**до евидентирани невработени лица**

Се повикуваат евиденираните невработени лица кои се заинтересирани за учество во обуки за побарувани занимања на пазарот на трудот, да се пријават во работните клубови на центрите за вработување каде се евидентирани како невработени лица најдоцна до **20.03.2019** година.
Обуките ќе се спроведуваат од страна на верификувани спроведувачи на обуки и се однесуваат на следните занимања и градови:

-Неговател/ка на деца, Ресен, Штип, Скопје Струга, Битола, Крушево, Струмица, со завршено најмалку средно образование;
-Неговател/ка на деца со пречки во развојот, Штип, Струмица, Скопје, Прилеп, со завршено најмалку средно образование;
-Личен асистент на лица со попреченост, Скопје, Куманово, Струмица, Битола, Неготино, Гостивар, Струга, Куманово, со завршено најмалку средно образование;
-Неговател/ка на стари лица, Скопје, Штип, Радовиш, со завршено најмалку основно образование;
-Фризер основно ниво, Битола, Скопје, Штип, Тетово, Гостивар, со завршено најмалку основно образование;
-Масер, Скопје, Штип, со завршено најмалку основно образование;
-Маникир-педикир, Скопе, Битола, Тетово, со завршено најмалку основно образование;
-Козметичар, Скопје, Струмица, Битола, со завршено најмалку основно образование
-Шивач-основно ниво, Скопје, Тетово, Штип, со завршено најмалку основно образование;
-Собарка, Скопје, со завршено најмалку основно образование;
-Рецепциски службеник, Скопје, со завршено најмалку средно образование;
-Готвач-гастроном, Тетово, Скопје, со завршено најмалку основно образование;
-Службеник во книговодство / сметководство, Штип, Кавадарци, Битола, Куманово, Струмица, Скопје, со завршено најмалку средно образование;
-Оператор за веб дизајн, Битола, Штип, со завршено најмалку средно образование;
-Заварувач, Тетово, Неготино, Скопје, со завршено најмалку средно образование;
-Електроинсталатер и монтер на станбени објекти, Битола, со завршено најмалку средно образование;
-Фасадер, Скопје, со завршено најмалку основно образование;
-Гипсер монтер, Битола, со завршено најмалку средно образование;
-Тапетар за мебел, Пехчево, со завршено најмалку основно образование;
-Електромеханичар за термички и разладни уреди, Битола, со завршено најмалку средно образование;
-Монтер и инсталатер на сончеви панели, Штип, Битола, Скопје, со завршено најмалку средно образование;
-Ракувач на виљушкар, Битола, Скопје, Неготино, со завршено најмалку средно образование;
-МИГ (метал инертен гас) – МАГ (метал активен гас) заварувач, Тетово, Неготино, со завршено најмалку средно образование;
-Автомеханичар за моторни возила, Тетово, Битола, Скопје, со завршено најмалку основно образование;
-Ракувач на мостна, портална и конзолна дигалка, Кавадарци, со завршено најмалку средно образование.

Обуката ќе се реализира во период од 3 месеци, а по завршување на обуката кандидатите ќе изведуваат секојдневна практична работа во реални услови кај работодавачи во времетраење од 1 месец.

Доколку како спроведувач на обука се приватни компании (работодавачи) практична работа во времетраење од 1 месец може да се изведува кај истата приватна компанија (работодавач).

Лицата вклучени во обуките ќе добијат месечен надомест од 9.000,00 денари, со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионалан болест и данок на личен доход за времетраењето на обуката.

Невработените лица кои ќе ја завршат обуката, практичната работа и успешно ќе го положат предвидениот испит, ќе се стекнат со Сертификат издаден од верификуваните спроведувачи на обука.

На корисниците на паричен надоместок и на корисниците на правото на парична помош од социјална заштита, за времетраење на обуката не го губат ова право.

Условите, правата и обврските ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и селектираните кандидати.

Обуките ќе се спроведат доколку има доволен број на пријавени кандидати и спроведувачи на обука.

Во обуките не може да учествуваат лица кои предходно биле вклучени во оваа мерка.

Заинтересираните невработени лица можат да поднесат Пријава во Центарите за вработување, секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот. Детални информации можат да се добијат во работните клубови на Центрите за вработување, на контакт телефон 02/3111-850 како и веб страните на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија www.av.gov.mk и Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија www.mtsp.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА